РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 18-12-2023
11-137

ДО ОПШТИНА БИТОЛА

Датум:15.12.2023

БАРАЊЕ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

**Предмет:** БАРАЊЕ

**Почитувани,**

[redacted] **проведува сеопфатно истражување на прибирање на податоци на станови кои се изнајмуваат во Република Северна Македонија.**

Заради оваа цел за да се направи сеопфатна анализа со која ќе се детектираат проблемите и предизвиците со кои се соочуваат потстанарите при склучувањето и реализацијата на договор за ЗАКУП со закуподавецот, **Ве замолуваме да ни доставите ИНФОРМАЦИЈА/ПОДАТОК на e-mail** [redacted] **или писмено на адреса** [redacted] колку од закуподавачите на станови или станбени единици ја исполниле својата должност предвидена во членот 70 став 4 од Законот за домување каде што е предвидено дека закуподавчот е должен да достави примерок од договорот за закуп до органот на управата надлежен за работите на јавните приходи во местото каде што се наоѓа станот и до надлежната **служба на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје** која води регистар на договори за станови дадени под закуп, во рок од 30 дена од склучувањето на договорот за закуп, односно подзакуп или анексот кон договорот за закуп, односно подзакуп.

**Ова барање го поднесуваме согласно членовите 20 и 21 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.**

Ви благодариме на соработката и сигурни сме дека со вашата инклузивност во овој процес заедно ќе помогнеме да се подобрат и унапредат условите за домување и подстанарските права на граѓаните во Република Северна Македонија.

Со почит,

[redacted]

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделние за Имот и имотно правни работи

Бр.11-137/2
20.12.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-137/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Евгенија Чукалева

Примил:
20.12.2023 година

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
Одделение за имот и имотно – правни работи

12-сл. од 25.12.2023 год. – Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 26-12-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-137/3 | | | |

До :
Општина Битола
Лица за посредување при остварување на слободен пристап до информации од јавен карактер

Предмет: Одговор на Барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска: Барање број 11-137 од 18.12.2023 год.

Почитувани

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под горенаведениот број и датум, Ве известуваме дека Општина Битола води регистар единствено за закуподавачите кои сами доставиле примерок од договорот за закуп поради утврдување на даночната стапка при пресметка на данок на имот.

Со почит.

**Изготвил:**
**Стефан Стојанов**

**РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ**
**Горан Ѓоревски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-137/4
26.12.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **18.12.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted], по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање **(Организација за домување и станари (ОДС) како организација која има примарна цел да се унапредат условит..) детален опис на барањето во прилог на решението)**

## СЕ УВАЖУВА

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-137/1 од 18.12.2023
2. Допис до Одделение за Имот и имотно правни работи бр. 11-137/2 од 20.12.2023 година.
5. Одговор од Имот и имотно правни работи со бр. 11-137/3 од 26.12.2023 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 26.12.2023 година, под бр. 11-137/4.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

______________________

**Евгенија Чукалева**

______________________